**„ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА СОЈУЗ – НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ 2022 – 2025, ГРП 2025“**

**Финансиран од Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија**

# БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАБОТИЛНИЦИ/ОБУКИ, ДИЗАЈН, ПРЕЛОМ И ПЕЧАТЕЊЕ НА ПУБЛИКАЦИЈА

МАРТ 2025 ГОДИНА, СКОПЈЕ

**ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА**

Почитувани,

***Сојуз – Национален совет за родова рамноправност*** Ве повикува да доставите понуда за набавка и печатење на материјали за работилници/обуки, дизајн, прелом и печатење на публикација, во рамки на проектот*: „Визија, мисија и стратегија на Сојуз – Национален совет за родова рамноправност, ГРП 2025 “,* финансиран од Делегација на Европска Унија во Северна Македонија број на грант ИПА III/2021/171-328/48.

Услугата треба да биде обезбедена согласно Договорот, што ќе биде склучен помеѓу набавувачот и добавувачот, по изборот на понудата.

За таа цел, Сојуз – Национален совет за родова рамноправност (НСРР) спроведува постапка за прибирање на понуди за услуги.

Ве молиме, доставете ја вашата понуда за горенаведениот предмет, најдоцна до 4 април 2025 година до 16:00 часот ( по локално време ), до Архивата на НСРР на следнава адреса: 11 Октомври број 17-1-1, 1000 Скопје или електронски на следниве е-маил адреси: sozm@t.mk , stankovikmartina@gmail.com.

Со оваа покана ја доставуваме потребната документација, која ги содржи сите информации кои ќе ви помогнат при изработка на понудата.

Благодариме на соработката!

Архивски број 26/0306

Сојуз –
Национален совет за родова рамноправност

Скопје, 20.03.2025 година

Co-funded by the European Union

Насоки за понудувачите

1. **Договорен орган**

Договорен орган е:

- ***Сојуз – Национален совет за родова рамноправност ( НСРР )*** со адреса 11 Октомври број 17-1-1, 1000 Скопје, телефон 02 313 4390;

*Лице за контакт е Мартина Станковиќ , електронска адреса: stankovikmartina@gmail.com*

2. **Предмет на договорот за набавката**

Во рамки на повикот, ќе биде избран понудувач кој ќе биде одговорен за :

- Прелом, дизајн и печатење на публикација ( Годишен наративен извештај на НСРР за 2025), изработен во рамки на организацијата, во вкупно 250 копии;
- Печатење и дизајн на сет тренинг материјали ( нотеси и пенкала ) наменети за 70 учесници. Избраниот кандидат има обврска да ги обезбеди материјалите (нотеси и пенкала) што ќе бидат печатени и понудената цена треба да ја покрива и оваа услуга.

***Сите детали околу предметот на набавка, вклучително димензии, начин на печатење, вид на материјали и слично, може да ги најдете во Техничката спецификација на повикот.***

3. **Начини на извршување на услугата**

Избраниот понудувач е должен да ја испорача услугата, предмет на договорот во точно определено време и место наведени во Техничката спецификација.

4. **Рок за извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да ги испорачува услугите кои се предмет на договорот согласно динамиката наведена во самиот договор.

5. **Начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде реализирано преку фактура, по реализирани услуги со динамика утврдена во договор за услуги.

6. **Право на учество**

- Право на учество има секое заинтересирано домашно правно лице – понудувач, регистрирано за вршење на дејност поврзана со предметот на договор за набавка.
- Едно правно лице, може да учествува во само една понуда.
- Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачка постапка за доделување на договорот.

Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

HCPP

## 7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачи

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

### 7.1 Лична состојба на економскиот оператор

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други давачки; освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

***Понудувачот треба да биде регистриран како правно лице, за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.***

## 8. Докажување на способност на понудувач

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба, професионална дејност и способност со изјава која ја доставува во прилог ( Прилог 2 ) на својата понуда и поднесување на портфолио на правното лице со претходни слични ангажмани ( Прилог 3).

## 9. Технички спецификации

Вашата понуда би требало да ги вклучува следниве податоци:

| | Вид на услуга | Опис на услуга | Планирана количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Прелом, дизајн и печатење на публикација (Годишен наративен извештај за 2025 година) | Број на страници: 20<br>А4 Формат<br>Хартија 115 грама, внатрешно 200 грама<br>Насловна страна во боја<br>Табели и графикони во боја<br>Печатење, целосно во боја | 250 |
| 2. | Набавка и дизајн на сет тренинг материјали - нотеси и пенкала ( 2.1, 2.2 ) | | 70 |
| 2.1 | Набавка и печатење на нотеси | Нотес А5<br>-Корици 4/0<br>-Внатрешен дел 50 листа непечатени<br>-Поврзување со метална спирала | |
| 2.2 | Набавка и печатење на пенкала | Материјал: пластика<br>Начин на печатење: целосно во боја | |

***Забелешки:***

***Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Затоа, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да се сметаат за подобни.***

***Набавувачот ќе го плати нето - износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган потребните документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.***

**9.1 ВРЕМЕНСКА РАМКА**

Набавката треба да се реализира во текот на 2025 година.

- Понудата, целокупната кореспонденција и документи поврзани со понудата, се пишуваат на македонски јазик.

- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

- Цената на понудата се изразува во денари.

- Набавката **не е** делива.

## 10. Подготовка и поднесување на понудите

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација во електронска форма и печатена форма, со користење на обрасците дадени во прилог.

Елементи на понудата се :

- Образец за понуда ( Прилог 1 );
- Тековна состојба, не е постара од 6 месеци;
- Изјава ( Прилог 2);
- Изјава на овластено лице на добавувачот, со која потврдува дека против субјектот не е поведена стечајна постапка и нема забрана за вршење на дејност;
- Профил на правното лице, со значајни работни ангажмани ( Прилог 3).

Понудата може да се достави во физичка форма во архивата на НСРР, адреса ул. 11 Октомври број 17-1-1 , лично на рака. Пликот се приложува затворен и е адресиран со точна адреса на НСРР со ознака **„ НЕ ОТВОРАЈ “.** Документација, што се поднесува како копија, мора да биде заверена од добавувачот со печат и потпис, со назнака **„Верно на оригиналот“.**

***Или***

Електронски на е – маил адресите : sozm@t.mk и stankovikmartina@gmail. Електронската апликација треба да биде поднесена во зипуван фолдер или на Google drive, сите документи треба да се скенирани и/или во ПДФ формат.

Краен рок за поднесување на понудите е 04.04.2025 до 16 часот.

## 11. Критериуми за избор на понуда

Критериум за доделување на договорот е **цената.** За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач чија понуда има најниска цена во однос на останатите понудувачи. Понудувачите, кои ќе ја поминат административно – техничката евалуација, преминуваат во фазата на финансиска евалуација.

* Евалуацијата на понудите ќе се врши од страна на Комисијата за избор и евалуација, формирана од НСРР за спроведување на постапка.

## 12. Известување за доделување на договор

Избраниот најповолен понудувач ќе биде известен во електронска форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда д страна на евалуациската комисија. Во исто време, и сите други понудувачи ќе бидат известени за резултатите од тендерот.

**Прилог 1 – Образец за понуда**

(меморандум на понудувач)

Врз основа на поканата за поднесување понуда објавена од страна на ______________________________________________________________________________ _______________, за доделување на договор за набавка и печатење на материјали за работилници/обуки, дизајн, прелом и печатење на публикација со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ___________________________________________

I.2. Контакт информации

Адреса: ________________________________________________________

Телефон: ______________________________________________________

Е-пошта: ______________________________________________________

Лице за контакт: _________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________________________________

I.4. Даночен број: ________________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

| | **Вид на услуга** | **Опис на услуга** | **Планирана количина** | **Единечна цена, без ДДВ ( во МКД)** | **Вкупна цена без ДДВ ( во МКД )** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прелом, дизајн и печатење на публикација (Годишен наративен извештај за 2025 година) | Број на страници: 20<br>А4 Формат<br>Хартија 115 грама, внатрешно 200 грама<br>Насловна страна во боја<br>Табели и графикони во боја<br>Печатење, целосно во боја | 250 | | |
| 2. | Набавка и дизајн на сет тренинг материјали - нотеси. папки и пенкала ( 2.1, 2.2) | | 70 | | |
| 2.1 | Набавка и печатење на нотеси | Нотес А5<br>-Корици 4/0<br>-Внатрешен дел 50 листа непечатени<br>-Поврзување со метална спирала | | | |
| 2.2 | Набавка и печатење на пенкала | Материјал: пластика<br>Начин на печатење: целосно во боја | | | |

Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

НСРР

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Место и датум ____________________________**

**Одговорно лице**

**____________________________**

**(потпис)**

Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

HCPP

**Прилог 2 - Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

**ИЗЈАВА**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ______________________________________________________________[наслов на понудувачот ] во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени повикот за набавки и печатење на материјали за работилници/обуки, дизајн, прелом и печатење на публикација, конкретно криетериумите пропишани во член 7 **Критериуми за утврдување на способност на понудувачи.**

**Место и датум** **Одговорно лице**

**-----------------------------------** **--------------------------------**

**(потпис)**

**Прилог 3 – Профил на правното лице**